Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 03.04.2026 |
| Архивски број: | 34-10/1 |
| До: | **Министерство за социјална политика, демографија и млади** |
| Предмет: | Мислење по Предлог-законот за социјални претпријатија |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 26.3.2026 година, го разгледа Предлог-законот за социјални претпријатија и согласно надлежностите утврдени во член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и бр.164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.97/19, бр.116/21 и бр.268/24), а во насока на подобрување на текстот спрема потребите на граѓанските организации, го утврди следното мислење:

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го поздравува донесувањето на Законот за социјалните претпријатија кој има за цел да се овозможи развој на социјалното претприемништво преку функционирање на социјални претпријатија и создавање поволна деловна средина за развој на социјалните претпријатија. Донесувањето на Закон за социјални претпријатија придонесува за подобрување на севкупните економски односи, го поттикнува економскиот раст на економијата, а со тоа придонесува за зголемен вкупен економски раст и развој во Република Северна Македонија, како и за активација на корисниците на различни видови на социјална помош. Граѓанските години долги години се залагаа за правно препознавање на социјалните претпријатија. Со оглед на тоа што граѓанските организации во нашата земја се предводници на развојот на социјалното претприемништво и ги воспоставија првите социјални претпријатија кај нас, овој закон ќе има клучно влијание врз околината во која се развива граѓанското општество. Од тие причини, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, активно е вклучен во унапредувањето на неговите одредби.

Во интерес на подобрување на текстот на одделни одредби од предложениот закон, водени од идентификуваните потреби и состојби кај граѓанските организации, во прилог се неколку конкретни укажувања:

- Важно е да се обезбеди дека Законот за социјални претпријатија ќе биде применлив и поттикнувачки, како и да се осигура неговата имплементација. Предвидениот буџет е премал за системска поддршка на социјалните претпријатија па се препорачува дефинирање на одржлив механизам за финансирање и поддршка на социјалните претпријатија со соодветен буџет;
- Член 6 бара најмалку 50% од приходот да биде од економска дејност. Овој критериум не е соодветен за реалните услови на постоечките социјални претпријатија како и на ново-формираните социјални претпријатија. Тие се сеуште економски нестабилни, зависат од

надворешни фактори и ова може да ги исклучи. Дополнително, економски и други кризи можат значајно да влијаат на исполнување на овој услов. Особено во првите години и во периодот кога добиваат финансиска поддршка од државата, нормално е средствата од други извори да бидат значително повисоки од приходите од економската дејност. Се препорачува бришење, скалест приод или поставување на ваква цел низ фази ( на пример овој услов да важи после 5 години од стекнување на статусот);

- Најголем дел на социјалните претпријатија функционираат во рамки на постоечки здруженија како програма. Моменталното законско решение поставува неколку ограничувања за овој контекст на функционирање и тоа: не дава можност подружница да се стекне со статус на социјални претпријатија; оневозможува стекнатата добивка на социјални претпријатија да се реинвестира во програмите на здружението „мајка на социјални претпријатија " и дава услов за 50% од приходот да биде од економска дејност. Сите овие услови заедно ќе ги обесхрабат постоечките социјални претпријатија да се стекнат со законот и ќе предизвика основање на нови правни лица наместо да се прилагоди на постојниот контекст во рамки на кој функционираат социјални претпријатија. Во таа насока потребно е да се разгледаат следните можности: Да се овозможи со статус на социјалните претпријатија да се стекнат подружници на здруженија или фондации, бидејќи со овој предлог целиот субјект мора да стане социјално претпријатие или да основа нова организација. На тој начин дел од постоечките социјални претпријатија ќе го изгубат своето портфолио. Да се овозможи можност две или повеќе социјални претпријатија да функционираат во рамки на еден субјект, што беше предвидено во претходни верзии. Ова ќе им овозможи на успешните социјални претпријатија да иновираат, да растат, да го проширувaат опфатот на целните групи и на тој начин да го зголемат своето позитивно влијание. Во случај на подружница даночните олеснувања да се пресметуваат со намалување на даночна основа од главниот субјект за приходите на подружницата со статус на социјално претпријатие. Да се преиспита бришењето од претходни верзии на предлогот на можноста добивката од социјалните претпријатија основани од здружение/фондација да може да ја пренесе во матичната организација (што е релевантно за здруженија и фондации). Кај многу социјални претпријатија нивните активности се сродни и се надополнуваат со активностите на мајката организација, а се во насока на зголемување на јавното добро и бенефитот за корисниците.

За да придонесеме кон финализирање на предлог-законот, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество предлага да се оствари средба на соодветните претставници на Министерството кои работат на Предлог-законот за социјални претпријатија со членови на Советот од редот на граѓанските организации кои работат во оваа област.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

Подготвила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за соработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација